,

# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 9<br><br>12.07.2024** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 20-б став (1) алинеја 3 и став (2) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), а во врска со член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23,14/23 и 05/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА НА ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Член 2

Годишниот План за вработување за 2025 година на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09- 3296/3**
**11.07. 2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2025 годинана ЛУ Градски музеј-Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2025 годинана ЛУ Градски музеј-Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/ 4**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став (1), точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/2010, 12/2010, 8/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023,14/2023 и05/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден година 11.07.2024 донесе

ПРОГРАМА

за изменување и дополнување на Програмата за образование за 2024 година

1. Во Програмата за образование за 2024 година во Акцискиот план во точка 2 – ЦЕЛ: Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и подршка за еднаков пристап и можности на сите ученици/чки, студенти/тки во образовниот процес, се додаваат две нови задачи/проекти и тоа:

   „-Месечна субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка,

   - Обезбедување на топол појадок за сите ученици од прво до петто одделение за ООУ „Илинден“ Крива Паланка и ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ Крива Паланка.“

2. Оваа програма стапува на сила со денот на донесување, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3296/5**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за образование за 2024 година, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/ 6**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка (7) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 6 став (3), член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 104/19, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21, 294/21, 99/22,236/22 и 65/23), член 2 точка (3) и член 9 од Законот за заштита на деца („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 14 став (1) точка (11) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година ја донесе:

**Програма**

**за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година.**

1. Во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година во Акцискиот план во делот Активности во точка 2 - „Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници:

- Еднодневна екскурзија на лицата корисници на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост
- Јавен повик за доделување на еднократна финасиска подршка во висина од 3000 МКД за секое лице со попреченост евидентирано во ЈУ МЦСР Крива Паланка“, од носител на активноста/ одговорен се менува од Општина Крива Паланка во Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка.

2. Во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година во Акцискиот план во делот Активности во точка 9 - „Ваучер за купување гардероба на лица корисници на услугата Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства, евидентирани во ЈУ МЦСР по основ на доставено барање од страна на семејството“, од носител на активноста/ одговорен се менува од Општина Крива Паланка во ОО Црвен Крст-Крива Паланка и во точка 9 во делот Буџетска програма и конто бројот 471280 се заменува со бројот 464990 Е0.

3. Оваа Програма стапува на сила со денот на донесување, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3296/7**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална,детска и здрвствена заштита за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална,детска и здрвствена заштита за 2024 година, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/8**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23 14/23 и 05/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

### за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година бр.09-5620/11 од 07.12.2023 година и бр.09-732/3 од 13.02.2024 година во глава II-АКТИВНОСТИ во точката 1 по реден број 12 се додава нова активност под реден број 13 која гласи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | **Концерт по повод патрониот празник на општината Св.Јоаким Осоговски**<br><br>**25-ти Август**<br><br>**Место: Градски Плоштад** | Општина Крива Паланка | | -Логистика и организација;<br><br>-Авторски права;<br><br>-Изведувачки хонорари;<br><br>-Учесници и учеснички;-Промотивен материјал; | Број на уметници/изведувачи кои учествувале на фестивалот разделен по пол | 1.500.000 |

Редните броеви 13, 14 и 15 стануваат редни броеви 14, 15 и 16.

Во колоната Средства Вкупно (изразени во денари), во делот ВКУПНО износот од „2.920.00“ се заменува со износот „4.420.000“.

2. Во глава II-АКТИВНОСТИ во табела - Празници, манифестации, настани кои ќе ги поддржи општината, редниот број 5се брише.

Редните броеви 6, 7, 8, 8 и 9 стануваат редни броеви 5, 6, 7, 8 и 9.

3. Во глава II-АКТИВНОСТИ во табела - Празници, манифестации, настани кои ќе ги поддржи општината, под реден број 9 се менува носителот од Здруженија на граѓани во НУ Центар за Култура и во колоната Средства Вкупно (изразени во денари), износот од „1.000.000“ се заменува со износот „1.500.000“.

Во колоната Средства Вкупно (изразени во денари), во делот ВКУПНО износот од „4.020.000“ се заменува со износот „3.450.000“.

4. Во глава II-АКТИВНОСТИ во точката 3, табела - Други активности и оперативни трошоци, под реден број 2 во колоната Средства Вкупно (изразени во денари), износот од „100.000“ се заменува со износот „30.000“.

Во точката 3, табела - Други активности и оперативни трошоци, по реден број 4 зборот „Џој-фест“ се заменува со зборот „концерти“.

Во точката 3, табела - Други активности и оперативни трошоци, по реден број 5 се додава нова активност под реден број 6 која гласи:

| | **Име на активност** | | **Средства Вкупно (изразени во денари)** |
|---|---|---|---|
| 6 | Промоција на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 | ** активноста ќе ја релаизита Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка“ | **70.000** |

Во колоната Средства Вкупно (изразени во денари), во делот СЕ ВКУПНО (1,2,3,4) износот од „9.520.000“ се заменува со износот „10.520.000“.

5. Во глава II-АКТИВНОСТИ во точката 4 - Активности од манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 година поддржани од Министерството за култура, во табелата - Придружна програма, под реден број 1 се менува носителот од Општина Крива Паланка во Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка“ и партнерот од Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка“ во ЛУ Градски Музеј иНУ Центар за Култура.

6. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3296/9**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/10**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка (3) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка (11) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/13 и 5/24), а во врска со Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културнита манифестации за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на ден 11.07.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за трансфер на средства на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крива Паланка да изврши трансфер на средства од Буџетот на општината на други субјекти за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година бр.09-5620/11 од 07.12.2023 година и бр.09-732/3 од 13.02.2024 година и тоа:

1. Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година, во глава II-АКТИВНОСТИ во делот - Празници, манифестации, настани кои ќе ги поддржи општината, активноста под реден број 9. Новогодишен Базар/фестивал/ на носителот на активноста НУ Центар за култура, во вкупен износ од **1.500.000,00 денари**, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година. Средствата ќе бидат исплатени од Програмата К4, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

2. Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година, во глава II-АКТИВНОСТИ во точката 3 - Други активности и оперативни трошоци, активноста под реден број 6.Промоција на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година, на носителот на активноста Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка“, во вкупен износ од **70.000,00 денари**, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година. Средствата ќе бидат исплатени од Програмата К4, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

3. Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година, во глава II-АКТИВНОСТИ во точката 4 - Активности од манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 година поддржани од Министерството за култура:

- активностите под редните броеви 3.Паланечки драми – промиција на книга, 8.Детски фолкорен фестивал „ПАЛАНЕЧКА ТРОЈКА“, 9.Звукот на улицата, 11.Музички вечери, 13.Летно кино, 14.Осоговски староградски вечери, 15.Звукот на улицата, 18.Музичка вечер, 19.Летно кино, 20.Театарска вечер, 21.Звукот на улицата, 22.Музичка вечер, 23.Театарска вечер – стенд ап, 24.Летно кино, 29.Крива Паланка филм фест, на носителот на активностите НУ Центар за култура, во вкупен износ од **505.000,00 денари**, согласно Програмата за активностите на

Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година. Средствата ќе бидат исплатени од Програмата К4, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект;

- активностите под редните броеви 12.Читаме музика, 16.Гига фест 2024, 26.МЛК „Св.Јоаким Осоговски“ 2024, 30.Наива-Креатива, 31.Книжевна вечер и активноста од Придружната програма под редн број 3.Јавен конкурс – ликовна уметност, на носителот ЛУ Градски Музеј, во вкупен износ од **290.000,00 денари**, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година. Средствата ќе бидат исплатени од Програмата К4, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект;

- активноста под реден број 1.Јавна кампања – донации од Придружната програма, на носителот Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка“, во вкупен износ од **30.000,00 денари**, согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година. Средствата ќе бидат исплатени од Програмата К4, конто 464990, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3296/11**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање за давање на согласност за трансфер на средства на други субјекти за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланкаво областа на културата и културните манифестации за 2024 година**

1. Се објавуваОдлука за давање за давање на согласност за трансфер на средства на други субјекти за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланкаво областа на културата и културните манифестации за 2024 година, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/12**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/24), и согласно Програмата за активности од областа на образование за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**За субвенциониран превоз на студенти за студиската 2024/2025 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат субвенции за (10) десет студенти за студиската 2024/2025 година кои студираат на државните универзитети во Скопје.

Член 2

Секој студент се субвенционира со два повратни месечни билети до државните универзитети во Скопје почнувајќи од месец септември заклучно со месец јуни.

Член 3

Превозот на студентите е со АДПТУ Пролетер АД с. Конопница Крива Паланка со кого Општина Крива Паланка има потпишано меморандум за соработка бр.08-72/1 од 05.01.2018 година.

Член 4

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на субвенциониран превоз за студиската 2024/2025 година, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на субвенциониран превоз се утврдени со Правилник бр.09-2874/21 од 29.07. 2022 год. донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3296/13**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2024/2025 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2024/2025 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/14**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/24), како и согласно Програмата за активности од областа на образованиеза 2024 година,Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за подршка на млади таленти одОпштина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за талентирани студенти за студиската 2024/2025 година и четири стипендии за талентирани ученици-средношколци за учебната 2024/2025 година од Општина Крива Паланка.

Член 2

Висината на стипендијата која се доделува на учениците и студентите наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денаримесечно, а ќе се исплатува 9 месеци во студиската/учебната година, почнувајки од месец октомври заклучно со месец јуни.

Член 3

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за подршка на млади таленти за учебната 2024/2025 година, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии се утврдени со Правилникбр.09-2150/15 донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 19.07.2021 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3296/15**
**11.07.2024год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на стипендии за подршка на малди таленти од Општина Крива**

1. Се објавува Одлука за, доделување на стипендии за подршка на малди таленти од Општина Крива што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/16**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/24), како и согласно Програмата за активности од областа на спортза 2024 година бр.09-5620/9 од 07.12.2023 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонијаза учебната 2024/2025 година**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и четири стипендии за ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училиште во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година.

Член 2

Висината на стипендијата која се доделува на учениците наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денаримесечно, а ќе се исплатува 9 месеци во учебната година, почнувајки од месец октомври заклучно со месец јуни.

Член 3

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии се утврдени со Правилник бр.09-4665/19 од 07.12.2022 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3296/17**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонијаза учебната 2024/2025 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонијаза учебната 2024/2025 година , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/18**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.05/02) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05.24), а во врска со Програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2024/2025 година на територијата на Општина Крива Паланка.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош на семејства со прваче, запишано во основните училишта во општина Крива Паланка и со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Еднократната парична помош на семејства со прваче изнесува 3.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократна парична помош од член 2 на оваа Одлука, родителите/старателите на првачето се должни кон барањето да приложат потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2024/2025 година заверена од основното училиште од територија на општина Крива Паланка (оргинал) ,фотокопија од извод од матична книга на родените (за првачето), фотокопија од важечка лична карта или патна исправа за еден од родителите/старателите од кој се видни податоците за живеалиштето во општина Крива Паланка, фотокопија од активна трансакциска сметка за истиот родител/старател (даночен обврзник) од кој е приложена копија од лична карта или патна исправа

**Член 4**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

Средствата за исплата на еднократен финансиски надоместок од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3296/19**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2024/2025 година на територијата на Општина Крива Паланка.**

1. Се објавува Одлука за за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2024/2025 година на територијата на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/20**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/24), а согласно Програмата за активности од областа на образование за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**zа утврдување на критериумите и условите за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделенеие) во основните општински училишта и подрачните училишта во состав на општинските основни училишта**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуват критериумите и условите за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделениее) во основните општински училишта и подрачните училишта во состав на општинските основни училишта во Општина Крива Паланка.

Член 2

Правото на бесплатен топол појадок во основните општински училишта и подрачните училишта во состав на општинските основни училишта во Општина Крива Паланка се обезбедува за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделение) во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“, ООУ„ Илинден“ и ПУс. Жидилово, ПУ с. Дурачка Река, ПУ с. Дубровница, ПУ с.Узем, ПУ с. Подржикоњ, ПУ с.Огут, ПУ с. Нерав, ПУ с. Луке, ПУ с. Мождивњак 1, ПУ с. Мождивњак 2 и ПУ с. Конопница.

Член 3

Општинските основни училишта ќе достават список за сите ученици од прво до петто одделение до ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка.

Училиштето ќе има обврска да го ажурира списокот доколку има промена во рок од 3 (три) работни дена од настанување на промената.

Член 4

Храната за учениците ќе се приготвува и дистрибуира до училиштата од страна на ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка.

Менито за храната ќе го подготвува ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка во соработка со стручни служби, согласно нормативите за храна, при што ќе се води сметка за видот на храна, количината и енергетската вредност на храната.

Цената на појадокот ја утврдува ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка и ја доставува до Совет на општина Крива Паланка на годишно ниво заради добивање на согласност.

По истекот на секој месец ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка доставува фактура до општината, а врз основа на доставените списоци од училиштата.

Член 5

Општина Крива Паланка за оваа мерка ќе обезбеди финансиски средства во Програма N1 расходно конто 464990 од Буџет на Општина Крива Паланка согласно Програмата за образование на Општина Крива Паланка.

Член 6

ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка и Општинските основни училишта ќе склучат меморандум за соработка за уредување на меѓусебните права и обврски.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09- 3296/21**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување на критериумите и условите за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделенеие) во основните општински училишта и подрачните училишта во состав на општинските основни училишта**

1. Се објавува Одлука за утврдување на критериумите и условите за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделенеие) во основните општински училишта и подрачните училишта во состав на општинските основни училишта, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/22**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 1/23, 5/23, 14/23 и 05/24), Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2024 година бр.09-5620/29 од 07.12.2023 година, а согласно на член 6 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр.09-379/11 од 30.01.2023 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на максимален број на субвенции и максимален износ на средства за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот број на субвенции и максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2024 година, на оние невработени лица кои спаѓаат во категоријата на млади согласно член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20).

**Член 2**

Максималниот број на субвенции согласно Буџетот на Општина Крива Палнка за 2024 година се определува на вкупно 5 (пет) субвенции за купување на дигитален уред од страна на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купен дигитален уред по лице се определува во износ од 50% од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од 9.000,оо (девет илјади) денари во нето износ.

**Член 4**

Финансиските средства од член 3 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024, програма АО, ставка 464990 во вкупен износ од 50.000.оо (педесет илјади) денари.

**Член 5**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице кое спаѓа во категоријата на млади невработени за купен дигитален уред за 2024 година се утврдени со Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр. 09-379/11 од 30.01.2023 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 3296/23**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на максимален број на субвенции и максимален износ на средства за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2024 година**

1. Се објавува Одлука за за определување на максимален број на субвенции и максимален износ на средства за доделување на поединечна субвенција за млади невработени лица жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред за 2024 година , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/24**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.05/02) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05.24), а во врска со Програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на месечна субвенција на секој ученик кој ке се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2024/2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува месечна субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров„ Крива Паланка во учебната 2024/2025 година.

**Член 2**

Месечната субвенција ке изнесува 2.000,00 денари и ке се исплаќа девет месеци на секој запишан редовен ученик во прва година во учебната 2024/2025 година.

**Член 3**

За остварување на правото на месечната субвенција од член 2 на оваа Одлука, ученикот е должен кон барањето да приложи потврда за редовно запишан ученик во прва година во учебната 2024/2025 година заверена од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка (оригинал), фотокопија од еден од наведените документи (извод од матична книга на родени или важечка лична карта или важечка патна исправа за ученикот), фотокопија од активна трансакциска сметка за ученикот.

**Член 4**

СОУ „Ѓорче Петров“ се обврзува да доставува секој месец информација до Општина Крива Паланка за учениците од прва година кои се отпишале.

**Член 5**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

Средствата за исплата на месечната стипендија од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка Програма N2 расходно конто 464990.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3296/25**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на месечна субвенција на секој ученик кој ке се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2024/2025 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на месечна субвенција на секој ученик кој ке се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2024/2025 година , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/26**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), а во врска со Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација на програмска активност „Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација на програмска активност „Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници“.

**Член 2**

Средствата за реализација на програмската активност „Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници“, се обезбедени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година во Програмата Г1, ставка 464990, и тоа во износ од 30.000,00 денари за „Еднодневна екскурзија на лицата корисници на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост“ и 450.000,00 денари за „Јавен повик за доделување на еднократна финасиска подршка во висина од 3.000,00 денари за секое лице со попреченост евидентирано во ЈУ МЦСР Крива Паланка“ и истите ќе бидат префрлени на сметка на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка.

**Член 3**

Се дава согласност Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка да изврши трансфер на средствата од Член 2 на оваа Одлука на жиро сметка на „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3296/27**
**11.06.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација на програмска активност „Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници“**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација на програмска активност „Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници“, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/28**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), а во врска со Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата**

**на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“**

**Член1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“.

**Член 2**

Средствата за реализација на програмската активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“, се обезбедени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година во Програмата Е0, ставка 464990, во вкупен износ од 300.000,00 денари и ќе бидат префрлени на сметка на Општинската организација „Црвен Крст-Крива Паланка.

**Член 3**

Се доделува ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатр за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка. Ваучерот ќе изнесува 8.000,00 МКД за секое лице по доставено барање.

**Член 4**

Се дава согласност Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка да изврши трансфер на средствата од Член 2 на оваа Одлука на жиро сметка на Црвен Крст-Крива Палнка, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Член 6**

Со донесување на оваа Одлука, Одлуката со број 09-628/45 од 14.02.2024 година престанува да важи.

**Бр.09-3296/29**
**11.06.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловскас.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугатана Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани**

**во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугатана Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/30**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), а во врска со Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија Скопје за реализација на програмска активност „Финансиска подршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба“**

**Член1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија Скопје за реализација на програмска активност „Финансиска подршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба“.

**Член 2**

Општина Крива Паланка и Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија Скопје согласно објавен Јавен повик број 31-2116/1 од 19.04.2024 година склучија Договор со кој се уредуваат начинот и условите на организирање и реализација на мерката - Летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба.

**Член 3**

Средствата за реализација на програмската активност „Финансиска подршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба“, се обезбедени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година во Програмата Е0, ставка 471250, во вкупен износ од 500.000,00 денари и ќе бидат префрлени во целост или дел од средствата на сметка на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија Скопје во зависност од бројот на корисници на мерката.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3296/31**
**11.06.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија Скопје за реализација на програмска активност „Финансиска подршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба“**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија Скопје за реализација на програмска активност „Финансиска подршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба“ , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/32**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став(1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002) и член 14 став (10 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 1/23, 5/23, 14/23 и 05/24), а во врска со склучениот договор и доделените средства за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата од Бирото за регионален развој, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 11.07.2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**за кофинансирање на проект „Регулација на дел од Куков Дол“, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за кофинансирање на проект „**Регулација на дел од Куков Дол**“, Општина Крива Паланка, во износ на разликата меѓу конечната вредност на проектот и одобрените средства од Министерството за животна средина и просторно планирање кои се во износ од 3.000.000 денари со ддв.

Вредноста на работите според предмер-пресметка од основниот проект изнесува 4.225.863 денари со ддв.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3296/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**11.07.2024 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за кофинансирање на проект „Регулација на дел од Куков Дол“, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за кофинансирање на проект „Регулација на дел од Куков Дол“, Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/34**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, став (1) точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

**ЗА ЗАБРАНА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

СЕ ЗАБРАНУВА изведување на било какви градежни работи на инфраструктурни објекти во централното градско подрачје, освен интервентни и неодложни работи.

Член 2

Оваа забрана важи за централното подрачје на градот, и тоа: главен градски плоштад и ул. Св.Јоаким Осоговски, на потегот од Градски музеј до Соларски Мост.

Член 3

Забраната за изведување на градежни работи ќе важи за временскиот период од 01 август до 31 август заради одржување на голем број на манифестации во склопот на програмата Крива Паланка -град на културата за 2024 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3296/35**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за забрана за изведување на градежни работи на подрачјето на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за забрана за изведување на градежни работи на подрачјето на Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/36**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, став (1)точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), Советот на ОпштинаКрива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За давање на приоритет за реализација на проекти**

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет за реализација на проекти одПрограмата**„Водоснабдување и одведување на отпадни води”** сокористење на грант средства од Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ и Европска Инвестициона Банка во вредност од 964.297,ооевранаменети за општина Крива Паланка, за следниве проекти:

**-Водоснабдителен систем за с. Конопница во општина Крива Паланка**

**-Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка** (книга 1-Р-ја на градска водоводна мрежа во Крива Паланка)

(книга 2-Доградба на водоводна мрежа за с. Конопница и с. Градец)

-**Изградба на канализација за отпадни води за дел од населба 8-ми октомври над Маневски Мост во град Крива Паланка**

Член 2

Со ова престанува да важи Одлуката за давање на приоритет за реализација на проекти бр.09- 5981/25 од 25.12.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3296/37**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на преоритет за реализација на проекти**

1. Се објавува Одлука за давање на преоритет за реализација на проекти, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/38**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, став (1) точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), а во врска со склучениот договор и доделените средства за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата од Бирото за регионален развој, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 11.07.2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**за кофинансирање на проект „Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница“ м.в. Трнци, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за кофинансирање на проект **„Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница“ м.в. Трнци,** Општина Крива Паланка, во износ на разликата меѓу конечната вредност на проектот и одобрените средства од Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година од Министерство за животна средина и просторно планирање во износ од 5.000.000 денари.

Според предмер-пресметка и графички прилог заверени од проектантот вредноста на делот кој е предвидено да се изведува и за кој е добиена согласност од МЖС изнесува 7.176.687,оо денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3296/39**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за кофинансирање на проект ,,Изградба на канализациона мрежа за дел од с.Конопница м.в Трнци ,Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за кофинансирање на проект ,,Изградба на канализациона мрежа за дел од с.Конопница м.в Трнци ,Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/40**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став (1), точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 11.07.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување член на Училишен одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. Се разрешува Анка С.Николовскаод член на Училишен одбор на СОУ „Ѓорче Петров“–Крива Паланка ,по нејзино барање.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3296/41**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за разрешување член на Училишен одбор на**

**СОУ Ѓорче Петров –Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување член на Училишен одбор на

СОУ Ѓорче Петров –Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/42**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18,0 3/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за основање Локален економско-социјален совет на Општината Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука Општината Крива Паланка основа Локален економско-социјален совет.

Во Локално економско-социјалниот совет членуваат: Општината Крива Паланка, Локален економски совет, Сојузот на синдикати на Македонија и Конфедерација на слободни синдикати.

Член 2

ЛЕСС има консултативно-советодавна функција и разгледува прашања и дава мислења, предлози и препораки до Советот на Општината и други органи за одредени прашања од економско социјалната сфера особено прашањето за вработувањето на младите и зајакнување на суштинските врски помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните сујекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем. ЛЕСС се основа заради остварување на следните заеднички цели на социјалните партнери:

- воспоставување, поттикнување и развој на социјалниот дијалог помеѓу социјалнитепартнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво,
- воспоставување, поттикнување и развој на дијалогот на локално ниво помеѓу јавниот и приватниот сектор,
- воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и развивање на вештини на младите преку образовниот систем,
- вклучување на младите во локалниот и регионален дијалог преку активно поартиципирање во ЛЕСС,
- размена на мислења, добри практики и информации, за усогласување околу битни економско-социјални прашања од делокругот на локалната самоуправа,
- покренување на заеднички иницијативи за измена на постоечки и донесување нови одлуки од делокругот на работа на локалната самоуправа,
- давање на допринос во креирање на предлози за измени на законски решенија кои влијаат на економската клима, материјално-социјалната положба на вработените, невработените, стечајните работници, работниците кои се технолошки вишок, пензионерите, младите, жените и други,

- развивање и поттикнување на колективното договарање и преговарање на ниво на иснтитуции и претпријатија,

- следење, давање и оценување на влијанието на локалните политики врз економско-социјалната стабилност и развојот на животниот стандард на граѓаните на Општина Крива Паланка,

- разгледување и предлагање на мерки за унапредување на квалитетот на живот на граѓаните на Општина Крива Паланка,

- надминување на одредени пречки за подобрување на функционирањето помеѓу социјалните партнери преку олеснување и поедноставување на административните процедури,

- обезбедување на подршка на граѓаните и компаниите при аплицирање на проекти, отворени повици и слично,

- поттикнување на методи за мирно решавање на колективни и индивидуални работни и други спорови на локално ниво и

- издавање на публикации и брошури од делокоругот на ЛЕСС.

Член 3

ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во општината и дава свои мислења и предлози, особено прашањата за:

- локалната економска политика и мерки за економскиот и социјалниот развој и стабилност ;
- политика на вработувањето, особено вработувањето на младите;
- политика на цените и платите;
- конкуренцијата и продуктивноста;
- животниот стандард и сиромаштијата;
- развивање и унапредување на колективното договарање;
- поттикнување мирното решавање на колективните работни спорови;
- подобрување на работните услови и заштита на работа
- заштита на работната и животната средина;
- образование и професионална обука;
- здравствена и социјална заштита и сигурност;
- детската заштита;
- заштита на возрасните лица и лица со посебни потреби;
- демографски движења;
- приватизација;
- други прашања во согласност со актите на ЛЕСС.

Член 4

Локално економско-социјалниот совет број 12 члена и тоа:

Општина Крива Паланка:двајца членови од Советот на општината(по еден од позиција и опозоција), и двајца претставници од општинската администрација..........................................4

-Локален економски совет..................................................................................4
-Сојуз на синдикати на Македонија-Синдикална канцеларија Куманово..........................2
-Конфедерација на слободни синдикати.........................................................................2

Во работата на ЛЕСС партиципираат:

-Агенција за вработување на Република Македонија,
Центар за вработување-Крива Паланка..........................................................................1
-Сојуз на средношколска младина.................................................................................1
-Сојуз на студенти..........................................................................................................1
-Федерација на фармери..................................................................................................1
-Сојуз на земјоделци........................................................................................................1
-Регионална занаетчиска комора.....................................................................................1
-Претставник од средните училишта..............................................................................1
-Претставник од Високото образование.........................................................................1
-Форум на здружение на граѓани.....................................................................................1

ЛЕСС е отворен за соработка и со други субјекти и во својата работа ќе ги вклучува при разгледувањето на одредени прашања од областа за која се формирани.

Секој од партенерите својот претставник во ЛЕСС го именува во текот на мандатот врз основа на свои документи и изборни правила.

Мандатот на членовите на ЛЕСС трае 4 години.

Член 5

ЛЕСС донесува Деловник за работа со кој поблиску ја уредува организацијата и начинот на работа.

Организациски и административно-технични работи за потребите на ЛЕСС ги врши секретарот на ЛЕСС, кого ЛЕСС го бира на 4 години.

Член 6

Средствата за основање и работата на Совет ги обезбедуваат членовите согласно можностите, а врз основа на меѓусебен договор. Покрај средствата од став 1 на овој член, средства за работа на ЛЕСС се обезбедуваат и од донации, прилози, спонзорства на домашни и странски правни и физички лица и други извори во согласност со Законот.

Член 7

По донесувањето на Одлуката ќе се склучи спогодба помеѓу партнерите и тоа: Општината Крива Паланка, претставувана од Градоначалникот на Општината Крива Паланка, претставник на Локалниот економски совет и претставник од Сојузот на синдикати на Македонија, Конфедерација на слободни синдикати.

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Крива Паланка“.

**Бр. 09-3296/43**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување за основање Локален економско-социјален совет**

**на Општината Крива Паланка**

1. Се објавува за објавување за основање Локален економско-социјален советна Општината Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/44**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 14 став (1) точка (1) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 , 05/23 , 14/23 и 05/24) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на иницијативи за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се прифаќат Иницијативите бр.29-3251/1 од 03.07.2024 година и 03-3255/1 од 03.07.2024 година за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23 , 14/23 и 05/24) поднесена од Секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот и Сектор за урбанизам ,сообраќај ,заштита на животна средина и комунална инфраструктура.

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 3296/45**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Преседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за прифаќање на иницијативи**

1. Се објавува Одлука за Прифаќање иницијативи , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/46**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 7 и член 36 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 14 став (1) точка 1, а во врска со член 102 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен Гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23,14/23 и 05/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година ја донесе следната

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

**за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. .8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), се вршат следните измени:

Членот 21 се менува и гласи:

„Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот,а гласањето по определени прашања може да биде и тајно.„

Во глава **В) ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ**, членовите 39,40 и 41 се бришат .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

**Број 09-3296/47**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Статутарна odлука**

1. Се објавува Статутарна одлука, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/48**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Статутарна одлука**

1. Се објавува Статутарна одлука, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/48**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка (1) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 40 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 1/23, 5/23, 14/23 и 5/24), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 11.07.2024 година донесе

**ПРОГРАМА**

**за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови**

**во Општина Крива Паланка за 2024 година**

**1.** Се врши изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година со број 09-5620/49 од 07.12.2023 година, 09-1375/47 од 15.03.2024 година и 09-2543/33 од 31.05.2024 година година, во глава III-Активности, во точка 2-Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување, во потточка 2.1-Детални урбанистички планови за Крива Паланка по алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„-Изработка и донесување на ДУП за дел од блок С-01.“

**-ДУП за дел од блок С-01**

Границата започнува од „Крива Река“ наспроти „спортскиот комплекс“ кон КП250/2, продолжува северно по граница на наменска зона од железничка пруга, свртува источно по границата на наменската зона од железничката пруга се до „Крива Река“ наспроти „граскиот базен“, свртува јужно по осовина на „Крива Река“, го пресекува постоечкиот пат на магистарлниот пат А2, свртува западно по осовина на „Крива Река“ и доаѓа до почетна точка.

Површината на опфатот изнесува 3,07 ха.

(финансиран од физичко лице)

**2.** Во глава IV-Финансирање на изработка и донесување на урбанистичко планови по алинејата 11 се додава нова алинеја 12 која гласи:

„-За изработка на ДУП за дел од блок С-01 со површина од 3,07 ха, од глава III точка 2, потточка 2.1 алинеја 7 средствата за финасирање ќе се обезбедат од физичко лице со одобрена иницијатива.“

Алинеите 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 станувааат алинеи 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19.

**3.** Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3296/49**
**11.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Крива Паланка за 2024 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Крива Паланка за 2024 година , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/50**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), а согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година, Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година и Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2024 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 11.07.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување**

**на јавни површини**

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година, бр.09-3718/27 од 30.09.2022 година, бр.09-4665/63 од 09.12.2022 година, бр.09-1207/25 од 06.03.2023 година, бр.09-3991/53 од 31.08.2023 година и бр.09-5620/53 од 07.12.2023 година.

Во членот 2 став 1 од Одлуката по точката 14 се додаваат три нови точки 15, 16 и 17 кои гласат:

„15. Локалитет „Автобуска станица“-просторот помеѓу автобуска станица и кејскиот ѕид на Крива Река на дел од КП767/1 и дел од КП745/1 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена Е-инфраструктура (јавни површини од патеки и улици) и според постоечки ГУП е со намена Б-комерцијални деловни намени и Е2-згради и комплекси на инфраструктурни системи.

16. Локалитет „Градски пазар“-просторот на гардскиот пазар и околниот простор до кејскиот ѕид на Крива Река на дел од КП2934, дел од КП2935, дел од КП2947/2 и дел од КП2949 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена Б2.1-отворени и затворени пазари и Е-инфраструктура (јавни површини од патеки и улици) и според постоечки ГУП е со намена Б-комерцијални деловни намени.

17. Локалитет населба Единство до колективни станбени згради на дел од КП3490/1 и дел од КП3504/1 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена А2-домување во згради и Е-инфраструктура (јавни површини од патеки и улици) и според постоечки ГУП е со намена А-домување.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3296/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**11.07.2024 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на на Одлуката за времено уредување на јавни површини**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на на Одлуката за времено уредување на јавни површини , што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/52**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 46 став (1) и (7) од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/2020 година и бр.111/2023) и член 36 став (1) точка 15 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024година, донесе

**ДЕЛОВНИК**

**за работа на Партиципативно тело**

## 1. ОПШТА ОДРЕДБА

**Член 1**

Со овој деловник за работа поблиску се уредува организацијата и начинот на работа на партиципативно тело во доменот на планирање и донесување на урбанистичките планови, заради обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање во Општина Крива Паланка.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО

**Член 2**

Партиципативното тело го сочинуваат членови од комисијата за урбанизам при општината Крива Паланка, стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладини организации од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот и лица кои доброволно се пријавиле на јавен оглас објавен од Општина Крива Паланка.

Бројот на членови кои го сочинуваат партиципативното тело е 9 и тоа:

- 3 (три) члена од комисијата за урбанизам при општината Крива Паланка;
- 2 (два) члена од урбаните и месните заедници;
- 2 (два) члена како претставници на невладините организации и здруженија на граѓани од различни сегменти на урбаниот живот;
- 2 (два) члена што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот

Учеството на лицата во партиципативното тело вработени во Општина Крива Паланка е по службена должност, а учеството на лицата во партиципативното тело што не се вработени во Општина Крива Паланка е на доброволна основа.

**Член 3**

Активностите на партиципативното тело ги координира претседателот на партиципативното тело кој се бира од членовите на партиципативното тело со јавно гласање.

**Член 4**

Партиципативното тело има секретар.

Секретарот ги подготвува и организира состаноците на партиципативното тело, се грижи за унапредување на работата на телото, се грижи за уредно и ажурно доставување на актите и му помага на претседателот на партиципативното тело во спроведувањето на овој деловник.

Секретарот се бира од членовите на партиципативното тело кои се членови на комисијата за урбанизам и се вработени во општината Крива Паланка.

## 3. НАДЛЕЖНОСТИ НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 5**

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи на локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку  давање иницијативи. насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови  во нивната работна верзија.

**Член 6**

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единиците на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

## 4. НАЧИН НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 7**

Партиципативното тело работи на седници.

Седниците на партиципативното тело се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на партиципативното тело.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапка за изработување и донесување на урбанистичките планови, особено ги разгледува планските програми во фаза

пред истите да му бидат предложени на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичките планови во фаза на урбанистичко планско решение пред да бидат дадени на стручна ревизија.

Партиципативното тело може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот бројчленови.

Доколку на закажаната седница не се обезбеди минималниот кворум за работа, истата нема да се одржи и се закажува нова седница.

Партиципативното тело одлучува со мнозинство од присутниот број членови.

На седниците на партиципативното тело може да присуствуваат и градоначалникот на општината Крива Паланка, претседателот на советот на општината Крива Паланка, како и советници без право на одлучување.

**Член 8**

Секретарот на Партиципативното тело писмено ги известува членовите за времето и местото на одржување на состанокот и тоа најдоцна три дена пред неговото одржување.

Со поканата за одржување на состанокот се доставува предлог дневен ред, а материјалите за седницата ке се достапни преку информацискиот систем е- урбанизам и преку електронска пошта.

**Член 9**

Дневниот ред може да се промени и на самата седница доколку за новопредложениот дневен ред се изјаснат „за“ мнозинството од присутните членови.

**Член 10**

За текот на работата на партиципативното тело се води записник кој го води техничкото лице на партиципативното тело кој е вработен во општинската администрација.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на состанокот, список на присутни лица, дискусии по точки од дневниот ред, донесените заклучоци, предлози, одлуки и сл.

Записникот се доставува до членовите заедно со поканата за наредниот состанок.

**Член 11**

Записникот се усвојува на почетокот на наредната седница.

5. **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Изменување и дополнување на овој деловник ке се врши на истиот начин и постапка според кои се донесува.

**Член 13**

Овој Деловник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3296/53**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Деловник за работа на Партиципативно тело**

1. Се објавува Деловник за работа на Партиципативно тело, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/54**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/2020 и бр.111/2023) и член 14 член 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка бр.8/10, 12/10, 08/14, 02/18, 3/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/24),Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 11.07.2024 донесе:

**О Д Л У К А**

за именување на членови на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка

**Член 1**

Се именуваат членови на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка и тоа:

1. Претставници од комисијата за урбанизам при општината Крива Паланка:

- Маја Костадиновска,диа;
- Кире Велески, диа;
- Иван Велиновски, диа

3. Стручни лица од областа на урбанистичкото планирање;

- Слаѓан Стојановски,дги;
- Игор Јовановски,дги.

4. Претставници од урбаните и месните заедници:

- Љубен Стојков;
- Јово Вучевски.

5. Претставници од невладини организации и здруженија на граѓани од различни сегменти на урбаниот живот:

- Сузана Митовска;
- Зоран Станковски.

**Член 2**

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политики на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

**Член 3**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи одлуката бр.09-2631/69 од 30.08.2021 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на општината Крива Паланка.

**Бр.09-3296/55**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување на членови на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за изменување на членови на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/56**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024)), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.6990 во КО Луке, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Луке на к.п.бр.6990 во КО Луке, Општина Крива Паланка сопственост на Благој Крстевски, Надица Стаменковска и Борка Стојчевска.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Луке.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Луке за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3296/57**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023 и 05/2024), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко –планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.6990 во КО Луке ,Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко –планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.6990 во КО Луке ,Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на седницата одржана на ден 11.07.2024 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08– 3296/58**
**12.07.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23 и 05/2024), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 11.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.2295 и к.п.бр.2298 во КО Крклља,**

**Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Крклја на к.п.бр.2295 и к.п.бр. 2298 во КО Крклја, Општина Крива Паланка сопственост на Борис Петровски и Јане Петровски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Крклја.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Крклја за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3296/59**
**11.07.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

